# Р Е Ф Е Р А Т

Со писмо (одлука) број 03-635 од 12.10.2011 известени сме дека Наставно-научниот уметнички совет на факултетот за сценски дизајн, при Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска филмска академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк на седницата одржана на ден 06.10.2011 донесе одлука со која не избра за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник по група стручно уметнички предмети од обласа на Фотографија во наставно-научно звање Доцент на Факултетот за сценски дизајн.

На конкурсот за избор на наставник во наставно научно звање Доцент на Факултетот за сценски дизајн од обласа на Фотографија при Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска филмска академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк, објавен на 29.09.2011 во весникот *Утрински весник,* се пријави и поднесе документација еден кандидат: М-р. Елена Бојаџиева. Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав Претседател на комисијата Д-р Драган Милинковиќ, Редовен професор и членови на комисјата М-р Горан Наумовски, Вон. Проф. и Д-р Стефан Сидовски, Доцент, врз основа на увидот во документите и објавените научно-истражувачки и уметнички трудови, има чест на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за сценски дизајн при Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска филмска академија, ЕСРА - Париз Скопје Њујорк да му го поднесе следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

Елена Христо Бојаџиева е родена во 1983 година во Битола каде што завршила основно и средно образование. Во 2001 година се запишала на Националната академија за театарска и филмска уметност – НАТФИЗ во Софија, Р. Бугарија на катедрата “Уметничка и применета фотографија”. Дипломирала во 2006 година и се стекнува со титулата дипломиран фотограф.

Во 2010 година се запишува на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА Париз- Скопје- Њујорк, каде што во 2011 година ја добива титулата “Магистер по филмски уметности од обласа на продукцијата”.

Во 2002/2003 година работела во првото дигитално фото студио во Софија како главен асистент на фотограф. Во периодот од 2007/2008 година работела како фотограф, а подоцна и уметнички уредник на македонското модно списание “Red”.

Од 2007 па се до 2010 година работела во маркетинг агенцијата “Арт улица 26” а од 2008 хонорарно е ангажирана како стручен соработник по фотографија на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА во Скопје.

Во своето неколкугодишно искуство зела учество на повеќе изложби и работела на повеќе проекти од различни области. Изложби кои можат да се издвојат се Денови на македонска фотографија – Прилеп (1998г); Изложба на фотографска академија во Р. Бугарија (2001/2002); Денови на македонска фотографија – Штип; три самостојни фотоинсталации поставени во Битола, Прилеп и Струга на тема “Децентрализација на македонската култура и уметност”; во 2005 година фотоинсталација во Јокохама-Јапонија во соработка со јапонски музичари. Освен тоа, изработила голем број каталози, плакати, промотивни материјали и фотосесии. Во 2011 година на театарскиот фестивал Војдан Чернодрински ја добила наградата за најдобар плакат за претставата “Хамлет”.

**Заклучок**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна фотографска, дизајнерска и педагошка дејност може да се констатира дека се работи за личност која ќе даде сериозен продонес своето големо знаење и искуство да го пренесе на помладите генерации студенти.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за сценски дизајн при Универзитетот за аудиовизуелни уметности , Европска филмска академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк, да ја избере М-р. Елена Бојаџиева во звање Доцент по група предмети од областа на Фотографија.

Рецензентска комисија:

Д-р Драган Милинковиќ, с.р.

М-р Горан Наумовски, Вон. Проф., с.р.

Д-р Стефан Сидовски, Доцент, с.р.